# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
## НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД<br>ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>14.05.2015 год.<br>БРОЈ 5 ГОДИНА 50 |
|---|---|



## С О Д Р Ж И Н А



| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за усвојување на програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2015 година. | 6 |
| 2. | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на развојната програма за изработка на урбанистички планови за општина Охрид во 2015 - 2017 година. | 12 |
| 3. | Одлука за давање во закуп на недвижен имот. | 13 |
| 4. | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2015 – 2018 за периодот од 01.01. - 31.03.2015 година. | 15 |
| 5. | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за поддршка на локалниот економски развој на општина Охрид за периодот од 01.01. - 31.03.2015 година. | 25 |
| 6. | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за изработка на урбанистички планови за општина Охрид 2015 - 2017 за периодот од 01.01. - 31.03. 2015 година. | 41 |
| 7. | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата други комунални услуги за 2015 година за периодот од 01.01. до 31.03.2015 година. | 58 |
| 8. | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за изградба и реконструкција на локални патишта и улици 2015 - 2017 година за периодот од 01.01. до 31.03.2015 година. | 61 |
| 9. | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води 2015 - 2017 година за периодот од 01.01. до 31.03.2015 година. | 65 |

| | | |
|---|---|---|
| **10.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за изградба на системи за водоснабдување 2015 - 2017 година за периодот од 01.01. до 31.03.2015 година. | **71** |
| **11.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за периодот од 01.01. до 31.03.2015 година. | **74** |
| **12.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за јавно осветлување 2015-2017 година за периодот од 01.01. до 31.03.2015 година. | **77** |
| **13.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање режим на сообраќај 2015 - 2017 година за периодот од 01.01. до 31.03.2015 година. | **82** |
| **14.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за уредување на градежно земјиште 2015 - 2017 година за периодот од 01.01. до 31.03.2015 година. | **86** |
| **15.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за одржување на јавна чистота за периодот од 01.01. до 31.03.2015 година. | **95** |
| **16.** | Одлука за усвојување на извештајот за реализација на програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за 2015 година за периодот од 01.01. до 31.03.2015 година. | **98** |
| **17.** | Одлука за усвојување на извештајот за остварување на буџетот на општина Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2015 година. | **100** |
| **18.** | Одлука за усвојување на годишниот извештај за реализација на програмата за развој на Југозападниот плански регион и тековното работење на Центарот за развој и годишниот финансиски извештај за 2014 година. | **113** |
| **19.** | Одлука за утврдување Нацрт Детален урбанистички план за градежна парцела 1 на Кп.бр.9883/1 КО Охрид 2, УЗ 10, дел од Блок 10.3 - Охрид, општина Охрид, плански период 2014 - 2019 | **114** |
| **20.** | Одлука за донесување Детален урбанистички план за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за УЗ 17 УБ 17.4 – Охрид, општина Охрид, плански период 2013 – 2018 | **116** |
| **21.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1933/2 КО Лескоец. | **117** |
| **22.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.27/7 КО Велестово. | **118** |
| **23.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.970/3 КО Оровник. | **120** |
| **24.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1143 КО Елшани. | **121** |
| **25.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска | **122** |

| | | |
|---|---|---|
| | документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1184 КО Елшани. | |
| **26.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1252 КО Лескоец. | **123** |
| **27.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1256 КО Лескоец. | **124** |
| **28.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1386/1, 1386/2 и 1386/3 КО Трпејца. | **125** |
| **29.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1737/1 КО Лескоец. | **126** |
| **30.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1762 КО Пештани. | **127** |
| **31.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1822 и Кп.бр.1823 КО Велгошти. | **128** |
| **32.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1876 и 1874/1 КО Пештани. | **129** |
| **33.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1939 КО Лескоец. | **130** |
| **34.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2282/1 КО Долно Лакочереј. | **131** |
| **35.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2283 КО Лескоец. | **132** |
| **36.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2324/1 КО Долно Лакочереј. | **133** |
| **37.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2600 КО Долно Лакочереј. | **134** |
| **38.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2744/1 КО Велгошти. | **135** |
| **39.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2814/1 КО Охрид 4. | **136** |
| **40.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2865/1 КО Охрид 4. | **137** |

| | | |
|---|---|---|
| **41.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.2871/1 КО Коњско. | **138** |
| **42.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.3254/1 КО Коњско. | **139** |
| **43.** | Одлука за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1441/1 КО Пештани. | **140** |
| **44.** | Информација за содржината и текстот на договорот по Одлуката на Советот на општина Охрид за избор на приватен партнер за јавно приватно партнерство за модернизација, проширување и одржување на системот за јавно осветлување на општина Охрид. | **141** |
| **45.** | Одлука за давање согласност на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на цени за користење на спортските објекти и паркинг простори со кои стопанисува ЈП„Билјанини Извори“-Охрид. | **142** |
| **46.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на Програмата за спорт за 2015 год. | **143** |
| **47.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на Развојната Програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2015-2018 година. | **145** |
| **48.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на Програмата за други комунални услуги за 2015 година. | **154** |
| **49.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на Развојната Програма за изградба на системи за водоснабдување 2015-2017 година. | **155** |
| **50.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на Развојната Програма за одржување и заштита на локални патишта, улици и регулирање на режим на сообраќај за 2015-2017 година. | **157** |
| **51.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на Развојната Програма за изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води 2015-2017 година. | **159** |
| **52.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на Програмата за изградба на сообраќајна сигнализација за 2015 год. | **160** |
| **53.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на Развојната Програма за уредување на градежно земјиште 2015-2017 година. | **162** |
| **54.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на Програмата за одржување на јавна чистота за 2015 година. | **164** |
| **55.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на Програмата за одржување и користење на паркови и зеленило за 2015 година. | **172** |
| **56.** | Одлука за изменување и дополнување на Буџетот на единицата на локалната самоуправа општина Охрид за 2015 година. | **180** |
| **57.** | Одлука за усвојување на измените и дополнувањата на Развојната програма за изработка на урбанистички планови за општина Охрид во 2015-2017 година. | **216** |

| | | |
|---|---|---|
| **58.** | Одлука за разрешување членови на Општинскиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Охрид. | **217** |
| **59.** | Одлука за изменување на Одлуката за формирање Општински совет за безбедност на сообраќајот на патиштата во општина Охрид. | **219** |
| **60.** | Правилник за доделување бесплатни курсеви од следниве стручни профили: заварувачи, готвачи, шивачи и машинисти-фини подесувачи на машини за невработени лица од Општина Охрид | |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2015 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.05.2015 година.

**Број 09-5867/3** **ОПШТИНА ОХРИД**
**12.05.2015 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.05.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести за 2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5867/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**12.05.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

**ПРОГРАМА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ОПШТИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА НАСЕЛЕНИЕТО ОД ЗАРАЗНИ БОЛЕСТИ ЗА 2015 ГОДИНА**

I. Програмата за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести е во согласност со член 14, став 2 од „Законот за заштита на населението од заразни болести,, (Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/2004; 139/2008 и 99/2009), а во врска

со член 18, став 6 од Статутот на Општина Охрид (Службен гласник на Општина Охрид број 8/07) и член 36, став 6 од „Законот за локална самоуправа„ (Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/2002).

Согласно одредбите од Законот за заштита на населението од заразни болести, Советите на Општините, по претходно мислење на Центарот за јавно здравје за подрачјето за кое е основан, донесуваат „Програми за спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести на своето подрачје„.

Програмата ги дефинира општите мерки за заштита на населението во општина Охрид од заразни заболувања, кои со исполнувањето на поставените цели треба да допринесат за подигнување на повисоко ниво на заштита на населението од заразни болести.

Главна цел на програмата е спроведување на општи мерки за заштита на населението од заразни болести, како и утврдување на активностите, извршителите, роковите и изворите на финансиските средства потребни за нивна реализација во 2015 година.

Општите мерки и активности ги организира и следи Општина Охрид, во соработка и под стручен надзор на ЈЗУ Центар за јавно здравје Охрид. Во рамки на општите мерки за заштита на населението во општина Охрид, во 2015 година ќе се превземат:

**1. Обезбедување на населението со безбедна и достапна вода за пиење и контрола над јавните водоснабдителни објекти и исправноста на водата.**

Општина Охрид и во 2015 година ќе продолжи да се грижи за континуирано снабдување на населението со доволни количини на здравствено исправна вода за пиење.

**1.1**. Водоснабдувањето на општина Охрид го врши МЈП „Проаква“ – Работна единица – Водовод Охрид и тоа за: градот Охрид, населените места Орман, Рача, Св. Стефан, Долно Коњско, Лагадин, Пештани и туристичките локалитети долж брегот на езерото. Од локални водоводи се снабдуваат населените места Велгошти, Трпејца, а со Одлука на Советот на Општина Охрид се управува и со системот за водоснабдување во с. Љубаништа од втората половина на 2007 година, а од мај 2008 год. управуваме и со системот за водоснабдување во с. Лескоец. Од 2011 година РЕ Водовод Охрид управува и со водоснабдување на селата Вапила, Ливоишта и Горно Лакочереј.

Верификација на квалитетот и исправноста на водата за пиење и информирање на корисниците за квалитетот на водата, вршат две здравствени установи во Република Македонија и тоа: Институт за јавно здравје на РМ – Скопје и Центарот за Јавно здравје – Охрид.

**1.2. Планирани активности**

Во Институт за јавно здравје на РМ – Скопје, се носат два пати годишно мостри на вода од следните изворишта: Летница, Бунари Студенчишта, Бунари Орман, Билјанини Извори и од Охридско Езеро кај усисната корпа пред Пумпната станица Метропол и од населените места Велгошти, Лескоец и Љубаништа. Мострите се земаат и носат во месец март и месец ноември. На мострите испратени во ИЈЗ на РМ се врши следните анализи:

- Проширена хемиска анализа за одредување на присуство на токсичните метали
- Анализа за присуство на пестициди и
- Анализа за присуство на радиоактивни елементи.

Од Центарот за јавно здравје – Охрид согласно Правилникот за здравствена исправност на водата и безбеденост на водата за пиење во текот на 2015 година ќе се извршат анализи на 830 примероци од системот за водоснабдување

- еднаш неделно се земаат 14 примероци.

На земените примероци во Центарот за Јавно здравје – Охрид се врши :

- Основна бактериолошко – хемиски анализа
- Анализа на присуство на резидуален хлор во водата за пиење.

**Перманентни активности**

Покрај горespоменатите контроли од двете јавни установи на Република Македонија се прави и трета контрола од страна на вработените во Јавното претпријатие МЈП „Проаква“ – Охрид.Секојдневно се контролира присуство на резидуален хлор во водата.

Заради обезбедување на квалитетна вода за пиење покрај горespоменатите контроли се врши и редовно одржување и сервисирање на системот на производство и третман на води.

**Квартални активности**

Најмалку четири пати годишно контрола на санитарно – хигиенска состојба на водоснабдителните хидроградежни објекти од системот.

На секои шест месеци вработени во објектите за снабдување на населението со вода за пиење треба да извршат задолжителен здравствено – хигиенски преглед .

**2. Обезбедување на исправна вода за рекреативни потреби на целото крајбрежие на Охридското Езеро**

2.1. За заштита на Охридското Езеро изграден е колекторскиот систем кој ги собира отпадните води, кои понатака се пречистуваат во пречистителната станица во с.Враништа. Бидејќи хотелот „Десарет“, автокампот „Градиште“, автокампот „Љубаништа“ како и сите угостителски објекти во Св. Наум не се вклучени во колекторскиот систем за пречистување на комуналните отпадни води поседуваат свои пречистителни станици т.н. путекси каде треба да се врши соодветно механичко, хемиско и биолошко пречистување на отпадните води. Селата Трпејца и Љубаништа за комуналните отпадни води користат септички јами чие празнење треба да се врши редовно, заради тоа што дел од нив се наоѓаат на самиот брег и се директни загадувачи на езерото.

На реките Черава, Сатеска, Велгошка и Коселска река кои директно се вливаат во Охридското Езеро и се едни од неговите главни загадувачи, се врши редовно земање мостри за испитување на физичко – хемиската и микробиолошката анализа на водата.

Користењето на базените за капење може да доведе до здравствени ризици заради опасноста од појава на штетни микроорганизми и изложеноста на штетни хемикалии. Од тие причини во летниот период се врши редовно физичко – хемиско и микробиолошко испитување за квалитетот на водата која се користи во базените.

Центарот за Јавно здравје – Охрид врши санитарно – хигиенски теренски увиди и истовремено земаат мостри од езерската вода за физичко – хемиска бактериолошко и токсиколошка анализа со цел да се откријат потенцијалните загадувачи на езерската вода и да се превземат соодветни мерки за нивно благовремено санирање.

Мострите се земаат на 5 – 10 метри од брегот на езерото од оној дел кој најчесто се користи за капење.

**2.2. Планирани активности за контрола на езерската вода**

| квартал | теренски увиди | мостри од езерска вода |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| I | 8 | 15 |
| II | 12 | 50 |
| III | 12 | 50 |
| IV | 8 | 15 |

На земените мостри во Центарот за Јавно здравје – Охрид се вршат следните анализи:

- Основни бактериолошко – хемиски анализи и
- Анализа на присуство на тешки метали

**Перманентни активности**

Покрај горе споменатите контроли се врши перманентна контрола од страна на комунална инспекција и ДСЗИ во текот на цела година на извори на загадување, септички јами прочистителни станици и сл.

**Вонредни активности**

Ќе се врши контрола на исправноста на водата и по пријави на граѓани.

**3. Правилно и навремено отстранување на цврстиот отпад и отпадните води**

3.1. Стопанисувањето со канализационата мрежа во Општина Охрид го врши ЈП „Нискоградба Охрид“ – Охрид. Стопанисувањето со канализационата мрежа опфаќа нејзино одржување (функционално и градежно), нејзино проширување како и прифаќање на нови корисници. Вкупната должина на денес постојната мрежа изнесува околу 146, 36 км од кои:

- мешовита канализациона мрежа 40.45 км,
- фекална канализациона мрежа 74.74 км,
- атмосферска канализациона мрежа 31.17 км.

За превентивно спречување на појава од заразни болести редовно се врши одржување и темелно чистење на уличната (фекална) канализациона мрежа, ревизионите, приклучни и прекршни шахти, чистење на улични сливници и електромашинско и механичко одржување на црпните станици.

Според Одлуката за комунален ред на Општина Охрид се врши организирано отстранување на комуналниот отпад. Организираното отстранување на комуналниот отпад го врши ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид во рамките на работната единица Комунална хигиена.

Исто така ЈП „Охридски Комуналец“ – Охрид врши собирање на ПЕТ – амбалажа, тврда пластика и стара хартија, со цел намалување, повторна употреба и рециклирање на цврстиот отпад со примарна селекција која се врши на територијата на Општина Охрид и претставува чекор напред во рационалното управување со цврстиот отпад и животната средина.

Правните и физичките лица кои создаваат или поседуваат опасен (медицински) отпад, склучуваат договор за собирање и транспортирање на опасниот отпад со правни лица кои поседуваат дозвола за собирање и транспортирање на опасен отпад.

**3.2. Планирани активности**

- Чистење на улици:
    - улици од прва категорија - секојдневно
    - улици од втора категорија – два пати неделно
    - улици од трета категорија – еднаш неделно
- Миење и прскање на улици
    - секој ден од 1 април до 31 октомври.
    - Во зимскиот период од 1 ноември до 31 март

(поради ниските температури).

- Одвод на смет
    - I категорија на улици – секојдневно, а во летниот период два пати во текот на денот.
    - II категорија и III категорија на улици – два пати неделно.
- Дезинфекција
    - Дезинфекција на контејнери - еднаш годишно
    - По потреба почеста дезинфекција на поголеми површини

**Перманентни активности**

Редовни контроли од страна на комунална инспекција

**Вонредни активности**

Ќе се врши контрола по пријави на граѓани

**4. Обезбедување на хигиенско – технички услови во училишните и предучилишните установи**

4.1. За проценка на здравствено – еколошкиот ризик од небезбедна храна која се консумира од страна на населението за подрачјето на Општина Охрид во тек на 2015 година ќе се извршат санитарно – хигиенски увиди, при што ќе се земаат брисеви за бактериолошка чистота во објекти за исхрана во предучилишни установи, објекти за исхрана во училишни установи, објекти за исхрана лоцирани во непосредна близина на училишни установи, објекти за исхрана сместени во училишни и студенски домови и објекти за исхрана на ученици кои престојуваат во објекти за одмор односно рекреација.

4.2. Планирање и водење на овие активности е во рамките на агенција за храна.

4.3 За проценка на здравствено- еколошкиот ризик од ширење на заразни заболувања во основните и средните училишта кои ги покрива ЈЗУ ЦЈЗ – Охрид , ќе се вршат санитарно – хигиенски увиди во селектирани училишта и земање примероци вода за пиење за лабораториска анализа во рамки на планираните активности во Националната годишна програма за јавно здравство за 2015година.Со примена на методологија согласно посебно изработено стручно-методолошко упатство од страна на Институтот за јавно здравје-Скопје.Индикатор: Информација за санитарно-хигиенската состојба во училиштата во Општина Охрид како и на ниво на РМ, со предлог мерки за унапредување на здрава училишна средина и мерки за зачувување и унапредување на задравјето на училишната популација.

Локалната самоуправа ќе постапува по потреби констатирани од страна на надлежните инспекции.

**5. Спроведување на превентивна дезинфекција, дезинсекција и дератизација (ДДД) во населени места и други јавни површини.**

5.1. Според Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија“ бр. 66/04, 139/08 и 99/09) треба да се обезбедат санитарно- технички и хигиенски услови како и спроведување превентивна дезинфекција на јавни објекти: училишта и предучилишни установи, Студенски дом, социјални установи, објекти за водоснабдување, пазари, автобуски станици и други јавни објекти , средства за јавен сообраќај.

Во населените места и јавните површини на подрачјето на територијата на Општина Охрид согласно Стручното мислење за спроведување на превентивни мерки за заштита на населението од заразни болести од ЈЗУ „Центарот за Јавно здравје“ – Охрид Локалната самоуправа на општина Охрид ќе спроведе превентивна дезинсекција и дератизација.

Дезинфекцијата, дезинсекцијата и дератизацијата ја изведува избран извршител на тендер и тој го одредува типот на средството за дезинсекција согласно одобрението од Бирото за лекови.

**5.2. Планирани активности**

**Дезинсекција**

Екипа на ЈЗУ „Центарот за јавно здравје“ – Охрид заедно со претставници на Локалната самоуправа на Општина Охрид вршат мапирање на водните површини како потенцијални легла за размножување на комарци и места со крлежите.

- Дезинсекцијата ќе се врши согласно временските услови односно по предлог на стручни лица кои ги следат фазите на развојот на комарците.Места кои треба да бидат третирани се :

* Охридското крајбрежје на потег од с. Подмоље до комплексот Св. Наум и подножјето на планината Галичица – Населба Билјанини извори и централното градско подрачје до улица Железничка и
* По потегот на реката Грашница и Коселска река.

- Дератизација

Ќе се изврши дератизација на канализацискиот систем односно на околу 3000 шахти на територијата на општина Охрид два пати годишно (пролет и есен).

**6**. Превентивно – промотивни активности за унапредување на здравјето на населението

6.1. Со здравствено воспитување во 2015 година ќе бидат опфатени теми и содржини кои се од приоритетно значење за населението преку организирање собири, трибини и медиуми.

Ќе се одржат предавања на следниве тематски целини:

Хепатити
Инфективни ентероколити
Имунизација
Заштита на животната средина
Сексуално преносливи заболувања
ХИВ/СИДА
Микози
Здрава исхрана
Физичката активност значаен фактор за правилен развој на децата

Стручно мислење од ЈЗУ Центар за јавно здравје Охрид

Корегирале:
Д-р Лидија Симоноска
Спец. По хигиена и здравствена екологија

М-р сци , д-р Јованка Стурлакова Коровешовска
Спец. по епидемиологија

**Број 08-5867/3-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**12.05.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ОПШТИНА ОХРИД ВО 2015 - 2017 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на измените и дополнувањата на развојната програма за изработка на урбанистички планови за општина Охрид во 2015 - 2017 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.05.2015 година.

**Број 09-5867/4** — **ОПШТИНА ОХРИД**
**12.05.2015 год.** — **Градоначалник,**
**О х р и д** — **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 6 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.05.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗМЕНИТЕ И ДОПОЛНУВАЊАТА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ОПШТИНА ОХРИД ВО 2015 – 2017 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВААТ** измените и дополнувањата на Развојната Програма за изработка на урбанистички планови за општина Охрид во 2015 - 2017 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5867/4** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**12.05.2015 год.** — **Претседател**
**О х р и д** — **Гордана Коњановска,с.р.**

## ИЗМЕНИ И ДОПОЛНУВАЊА НА РАЗВОЈНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА ОПШТИНА ОХРИД ВО 2015-2017 ГОДИНА

Поради активностите на Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште во областа на донесување на урбанистичките планови и потребите на правни и физички лица се врши дополнување и изменување на Развојната програма за изработка на урбанистички планови

за општина Охрид 2015-2017 бр.07-4189/6-1 од 30.12.2014 година донесена со одлука на Совет на општина Охрид бр.07-4189/6 од 30.12.2014 година

## Во точка III. Планови кои се во фаза на изработка, а ќе се финансирани од физички и правни лица

- **Точка 43. се брише**

## Во точка II. Приоритетни планови финансирани од општина Охрид

- После **точка 12 се додаваа точка 13 која гласи**

**13. УПВНМ за плански опфат во локалитет Св.Стефан – опфат 1**
граници:
површина: ............................................ П = 6,00 ха

**Број 08-5867/4-1**
**12.05.2015 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

### З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДАВАЊЕ ВО ЗАКУП НА НЕДВИЖЕН ИМОТ

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за давање во закуп на недвижен имот, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.05.2015 година.

**Број 09-5867/5**
**12.05.2015 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 48 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Сл.Весник на РМ“ бр.8/05..52/15), член 36 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл..гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седница одржана на ден 12.05.2015 година, ја донесе следната:

### О Д Л У К А
### ЗА ДАВАЊЕ ВО ЗАКУП НА НЕДВИЖЕН ИМОТ

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потреба од давање во закуп на недвижен имот во сопственост на ОУТУ„Ванчо Питошески“ Охрид и тоа:

**I.** Ресторан и кујна во приземје со површина од 439м2 и 35 соби (26 трокреветни и 9 четврокреветни) со комуникациски простор-ходници на прв, втор и трет кат, со површина од 1862м2.

Вкупната површина на објектот која ќе се дава во закуп изнесува 2301м2.

Објектот е изграден на Кп.бр.16803/1 КО Охрид 3 по имотен лист бр.102713.

Периодот на изнајмување започнува на 22.06.2015 година заклучно со 21.08.2015година.

**II.** Деловен простор - ресторан со површина од 91м2.

Објектот е изграден на Кп.бр.16803/1 КО Охрид 3 по имотен лист бр.102713.

Периодот на изнајмување изнесува 3 години почнувајќи од 01.07.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5867/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**12.05.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД 2015 – 2018 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.03.2015 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на извештајот за реализација на развојната програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2015 – 2018 за периодот од 01.01. - 31.03.2015 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.05.2015 година.

**Број 09-5867/6** **ОПШТИНА ОХРИД**
**12.05.2015 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.05.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА РАЗВОЈНАТА ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД 2015 – 2018 ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. - 31.03.2015 ГОДИНА**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот за реализација на Развојната Програма за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид 2015 - 2018 за периодот од 01.01. - 31.03.2015 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5867/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**12.05.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

**I Квартален извештај за реализација на**

- **ПРОГРАМА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2015 – 31.03.2015 ГОДИНА**

Извештајот е изработен за периодот од три месеци и ги сумира активностите извршени од страна на администрацијата во Секторот за локален економски развој и туризам, во периодот од 01.01 до 31.03.2015 год. за реализација на:

➢ ПРОГРАМАТА Г2 ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ НА РАЗВОЈОТ НА ТУРИЗМОТ НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПЕРИОД 01.01.2015 – 31.03. 2015 ГОДИНА

Во периодот 01.01.2015 – 31.03.2015 год. одделението за туризам ги вршеше активностите неопходни за реализација на програмата за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид:

1. **Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)**
2. **Промоција на туризмот, организирање на настапи и присуство на саеми**
3. **Изготвување на печатен и електронски промотивни материјал за одделни сегменти од туристичката понуда,**
4. **Подготовка на проекти и проектно управување**
5. **Развој на информативен систем**
6. **Изготвување на анализи, извештаи и информации**

Како резултати од реализацијата на програмата кои дадоа особен белег на работењето во овој период треба да се посочат:

- Процесот на евиденција, регистрација и категоризација на станоиздавачи од мал обем (вкупно регистрирани 2285 станоиздавачи) и процесот на продолжување на решението за категоризација на сместувачките капацитети од мал обем
- Во соработка со здружението за афирмација на Македонската православна црква Богојавление, организација на манифестацијата Водици 2015
- Во зедничка организација со Агенцијата за промоција и поддршка на Туризамот на РМ доставен промотивен материјал од Охрид на меѓународните туристички саеми и берзи во:
  - Утрехт, Холандија 13-18.01.2015 год.
  - Хелсинки, Финска 15-18.01.2015 год.
  - Истанбул, Р. Турција 22-25.01.2015 год.
  - Брисел, Белгија 05-05.02.2015 год.
  - Софија, Р. Бугарија 12-14.02.2015 год.
  - Берлин, Р. Германија 04-08.03.2015 год.
  - Москва, Русија 18-21.03.2015 год. и
  - Гетеборг, Шведска 19-22.03.2015 год.
- Организација и учество на меѓународен саем за туризам и организација на Охридска вечер во Белград-Р.Србија од 19-22.02.2015
- Јавен повик за субвенционирање на таксата за привремен престој на физиките лица кои вршат угостителска дејност од мал обем
- Учество во подготовка и реализација на проект „Кон Алтернативен Туризам“.
- Промоција на туристичката понуда на општинската веб страница
- Подготовки за заедничка организација со туристичко угостителскиот сектор за заеднички настап на туристичкиот саем СКОПЈЕ ТРАВЕЛ МАРКЕТ
- Анализа на туристички движења на странските туристи во Охрид во период од 2009 - 2013

**Детални информации за активностите и резултатите се дадени во Анекс 1**

## АНЕКС 1

I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на општина Охрид за 2015 година

1.1 Управување со туризмот (Евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)

1.2 Промоција на туризам, организирање на настапи и присуство на саеми, техничка и логистичка поддршка на културни и спортски манифестации во градот

1.3 Изготвување на печатен и електронски промотивни материјал за одделни сегменти од туристичката понуда,

1.4 Подготовка на проекти и проектно управување

1.5 Развој на информативен систем

II. Информација за наплата на таксата за привремен престој

III. Извештај за туристички промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2015 год. во однос на 2014 год.), според записници од Општински Инспекторат.

**I. Информација за реализираните активности согласно Програмата Г2, за поттикнување на развојот на туризмот на Општина Охрид за периодот 01.01 – 31.03.2015 год.**

**1. Управување со туризмот**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **1.1. Управување со туризмот (евиденција, регистрација и категоризација, стандардизација)** | | | | | |
| 1 | Јануари-Март 2015 | Континуиран процес на извршување категоризација и регистрација на станоиздавачи од мал обем | Активностите опфаќаат излегување на терен на Комисиите по однапред поднесено барање од страна на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем и изведување на процесот на категоризација на објектите. | Регистрирани вкупно 2285 станоиздавачи од мал обем од кои 8 нови станоиздавачи се регистрирани во овај квартален период | Не се потрошени финансиски средства |
| 2 | Јануари-Март 2015 | Континуиран процес на продолжување на решенијата за категоризација на станоиздавачи од мал обем | За таа цел подготвена е документација: изготвување постапка, барање за продолжување на категоризацијата и праќање известување на станоиздавачите на кои им поминал рокот на решението од 3 години. | Во овај квартален период 53 продолжени решенија за категоризација | Не се потрошени финансиски средства |
| **1.6. Субвенционирање на приватните станоиздавачи од мал обем** | | | | | |
| 1 | Јануари-Март 2015 | Субвенционирање на Туристичката такса на вршителите на угостителска дејност од мал обем | Објавен јавен повик во месец Јануари за субвенционирање на второто шестмесечие од 2014 год. | Финансиска поддршка, но и поттикнување на приватните станоиздавачи да ја пријавуваат таксата за привремен престој што би допринело до подобра евиденција на гостите кои престојуваат во Охрид. | Вкупната сума за исплата по оваа ставка е 217.375,00 ден (средствата ќе бидат уплатени во месец Април). |

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** | **Потрошени финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |

2. **Промоција на туризмот**

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** | **Потрошени финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.1. Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски и домашни печатени и електронски медиуми** | | | | | |
| **1** | Март 2015 | Промоција на туристичката понуда на Охрид и регионот во странски електронски и печатени медиуми | Активности и подготовка за организација на Информативна промо тура Охрид 2015 | Промоција на туристичката понуда на град Охрид и регионот пред претставници на странски печатени и електронски медиуми (потврдено присуство на медиуми од Турција, Србија, Русија и Словенија) | Не се потрошени финансиски средства |
| **2.2. Соработка со странски туроператори** | | | | | |
| 1 | Март 2015 | Соработка со странски туроператори и туристички агенции | Активности за организација на Информативна промо тура Охрид 2015 | Промоција на туристичката понуда на град Охрид и регионот пред претставници на странски туроператори и туристички агенции (потврдено присуство на туроператори и ТА од Бугарија, Русија, Австрија, Унгарија, Украина, Израел) | Не се потрошени финансиски средства |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **2.3. Презентација на меѓународни туристички берзи** | | | | | |
| **1** | Јануари-Март 2015 | Меѓународни туристички саеми и берзи | Во зедничка организација со Агенцијата за промоција и поддршка на Туризамот на РМ доставен промотивен материјал од Охрид на меѓународните туристички саеми и берзи | Промоција на туристичката понуда на град Охрид на меѓународните туристички саеми во Утрехт, Хелсинки, Истанбул, Брисел, Софија, Берлин, Москва и Гетеборг | Нема потрошени финансиски средства |
| **2** | Февруари 2015 | Меѓународен саем за туризам во Белград-Р.Србија 19.02-22.02.2015 | Организирање и подготовка на промотивна Охридска вечер за времетраењето на Меѓународниот саем за туризам во Белград – Р. Србија. | Охрид на Саемот за туризам во Белград беше промовиран на штансот на Р Македониај и регионалниот штанд на Охрид-Преспа регионот. Промовирана туристичката понуда на Охрид преку промотивен материјал, видео презентации, директни разговори со туристички организации и нституции. Организирана Охридска вечер со охридска традиционална храна и пијалоци и охридска староградска музика. Присутни беа 10-на преставници на медиуми од Србија, 15-на претставници на туристички агенции и туроператори од Србија и 20-на претставници од дипломатскиот кор во Србија. | 239.604,00 ден |
| **2.4. Организација и поддршка на различни активности и настани поврзани со дефинирање, промоција и брендирање на туристичките производи** | | | | | |
| **1** | Јануари 2015 | Помагање во организација на | Манифестацијата традиционално се одржува на 19 и 20 Јануари на која беа поканети и присуствуваа видни | Успешна реализација на манифестацијата во делот за кој општина Охрид имаше | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | манифестација “Богојавление Водици 2015” | личности и делегации од повеќе странски земји, како и голем број на гости од државата и странство. По повод манифестацијата Општина Охрид ја помогна организацијата на концертот на македонската ѕвезда Каролина Гочева како и концертот на 5 културно уметнички друштва од Охрид. | надлежност и ингеренции. Преку ваквите манифестации и празници се настојува да се привлечат посетители и туристи со што Охрид би станал туристичка дестинација и во зима. | 671.000,00 ден |
| **2.6. Печатен и електронски, промотивен материјал за одделни сегменти на туристичка понуда** | | | | | |
| 1 | Јануари-Март 2015 | Репринт на промотивни материјали по разни сегменти на англиски јазик: Фотобошура, Водич на град Охрид, Брошура за активен туризам, Ќеси, Постери, Флаери итн | Објавен јавен повик за графичко идејно решение и објавен тендер за печатење на промотивен материјал за град Охрид . | Промоција на туристичките потенцијали на Охрид и охридскиот регион во промотивниот материјал на град Охрид | 31.000,00 ден |
| **2.7. Презентација на сместувачките капацитети / развој на информативен систем** | | | | | |
| 1 | Јануари-Март 2015 | Ажурирање и дополнување на потадоци на чинителите на угостителско-туристичките субјекти за промотивни цели | Бесплатно рекламирање на сите угостителско- туристичките субјекти од Охрид на веб страната www.ipult.info | Промоција на туристичките потенцијали на Охрид и охридскиот регион | Нема потрошени финансиски средства |
| 2 | Јануари-Март 2015 | Пополнување на база на податоци на вршители на угостителска дејност од мал обем | Водење на регистар во пишана и електонска форма на лицата кои вршат угостителска дејност од мал обем | Прегледност на регистрирани станоиздавачи и изнаоѓање на нерегистрирани станоиздавачи | Нема потрошени финансиски средства |
| 3 | Јануари-Март 2015 | Пополнување на база на податоци на вршители на | Водење на регистар во пишана и електонска форма на лицата кои вршат туристичка дејност | Прегледност на регистрирани туристички водичи и агенции и | Нема потрошени финансиски |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | туристичка дејност (туристички водичи, туристички агенции) | (туристички водичи, туристички агенции) | изнаоѓање на диви туристички водичи и туристички агенции | средства |
| **4** | Јануари-Март 2015 | Евиденција регистрација и контрола на податоци од општинскиот инспекторат | Редовно ажурирање на податоци за наплата на туристичка такса за привремен престој, како и податоци за ноќевања на домашни и странски посетители | Во соработка со општинскиот инспекторат Контрола на наплата на ТПП и воведени контроли за нелегални станоиздавачи и туристички водичи | Нема потрошени финансиски средства |

**3. Подготовка на проекти и проектно управување**

| Бр. | Период | Опис на активноста за реализација на програмските цели | Краток опис | Резултати | Потрошени финансиски средства |
|---|---|---|---|---|---|
| **3.** | | | | | |
| **1** | Јануари-Март 2015 | Анализа на туристички движења на странските туристи во Охрид во период од 2009 - 2013 | Секторот за ТЛЕР во соработка со ФТУ изготви анализа на туристички движења (посетители и ноќевања) на странски туристи во Охрид за периодот од 2009 до 2013 год. врз основа на добиените податоци од Државниот Завод за Статистика | Изготвена е анализа во која се утврдува динамиката на движењето на странските туристи во Охрид. | Нема потрошени финансиски средства |
| **2** | Јануари-Март 2015 | Учество во подготовка и реализација на проект „Кон Алтернативен Туризам“. Соработка помеѓу Албанија и Р. Македонија. | Реализација на проект за промоција на алтернативен туризам со посебен акцент кон руралниот туризам финансиран од програмата за прекугранична соработка на ИПА. | Овој проект придонесува кон реализација на дел од активностите предвидени во подстратегијата за рурален развој со тоа што се декорираат и поставуваат информации за атрактивни | Не се потрошени буџетски средства. Активноста е реализирана во рамки на тековните |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | локации на територијата на општина Охрид како од кои како позначајни можат да се наведат следните: 50 патокази, 22 мали инфо табли, 5 средни инфо табли, 7 големи инфо табли, уредување на 5 видиковци, поставување на 15 дрвени маси со клупи, 5 паркинг места за велосипеди и две полетно слетни писти за параглајдинг. | активности на одделението. |

4. **Финансирање на локални микропроекти за поттикнување на развојот на туризмот, согласно Стратегијата за одржлив развој – Акциони Планови 2014 и Стратегијата за Рурален Развој на Општина Охрид 2014**

| **Бр.** | **Период** | **Опис на активноста за реализација на програмските цели** | **Краток опис** | **Резултати** | **Потрошени финансиски средства** |
|---|---|---|---|---|---|
| **4.1.** | **Финансирање на локални микропроекти со цел поттикнување на развојот на туризмот, согласно стратегијата за развој – подобрување на условите за сместување и квалитетот на услугите на станоиздавачите од мал обем** | | | | |
| **1** | Март 2015 | Потпишување на договорите со избраните апликанти од Јавен повик за финансирање на микропроекти, со право на учество на НВО-и, Месни и Урбани Заедници. | На Јавниот повик објавен во 2014 година согласно програмите за развој на туризмот и локалниот економски развој, врз база на критериумите за евалуација избрани се 5 миропроекти за финансиска поддршка меѓу кои и проект за туристичка валоризација на Коселскиот Вулкан. | Со потпишување на договорите за реализација со апликантите на проектите започна реализацијата на микропроектите кои ќе бидат кофинансирани од општина Охрид. | Вкупната сума за исплата по реализација на проектите изнесува 600,000.00 МКД |

**II. Информација за наплата на таксата за привремен престој**

Според податоците од одделението за финансии и буџет, целокупната наплата на ТПП за периодот **од 01.01.2015 до 31.03.2015** година е следна :

**Приход од такса за привремен престој по месеци (добиени податоци заклучно со месец март)**

**Во периодот од 01.01.2015 до 31.03.2015 година, согласно податоците од одделението за финансии и буџет од такса за привремен престој собрани се вкупно 803.624,00 денари.**

| | **ВКУПНО** | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Ред.Бр.** | **Месец** | **Хотели** | **Приватни станоиздавачи** | **Вкупно** |
| **1** | **Јануари** | 211584 | 105208 | 316792 |
| **2** | **Февруари** | 213600 | 47200 | 260800 |
| **3** | **Март** | 187944 | 38088 | 226032 |
| **4** | **Април** | | | |
| **5** | **Мај** | | | |
| **6** | **Јуни** | | | |
| **7** | **Јули** | | | |
| **8** | **Август** | | | |
| **9** | **Септември** | | | |
| **10** | **Октомври** | | | |
| **11** | **Ноември** | | | |
| **12** | **Декември** | | | |
| | **ВКУПНО 80%** | 613128 | 190496 | 803624 |

**Споредба Јануари - Март**

**За споредба, во 2014 година за истиот период од такса за привремен престој од основни сместувачки капацитети и од сместувачки капацитети од мал обем се собрани вкупно 849.021,00 денари при што може да се забележи дека наплатата за 2015 година е намалена за 5,4 % во споредба со наплатата по наведениот основ во истиот периот во 2014 година.**

**III. Извештај за туристичкиот промет (споредбени податоци за бројот на ноќевања од основни објекти за 2015 год. во однос на 2014 год.)**

Локалната и регионалната демократија во дваесеттиот век доживува брз подем. Препознавањето на придобивките од развојот на локалната демократија од страна на земјите- членки во Советот на Европа, доведе до изработка на Европската повелба за локалната самоуправа. Оваа повелба во формата во која била донесена, претставува прв меѓународно обврзувачки договор со кој се гарантираат правата на локалните заедници и нивните избрани власти. Оваа повелба како таква, првично била предложена и потпишана од Советот на Европа на 15 октомври 1985 година, а истата стапила на сила од 1 септември 1988 година, Парламентот на Република Македонија истата ја ратификувал на 6 јуни 1997 година. Основните заложби со донесувањето на оваа повелба биле повелбата, односно нејзините одредби да бидат имплементирани во домашното право или Устав на секоја земја членка поодело, што би гарантирало еден вид правилна и ефективна имплементација на нејзините основни постулати и одредби односно принципот на локалната самоуправа да биде вграден и одржлив во правниот систем на секоја членка поодело. Европската повелба ги утврдува принципите за демократско функционирање на локалната самоуправа и е главен чекор во насока на пренесувањето на надлежностите од централно на локално ниво, а притоа сето тоа да биде пропратено и со трансфер на надлежности во финансирањето, односно менаџирање со финансиските ресурси на локално ниво, принцип уште познат и како принцип на супсидијарност. Воведувањето на овие принципи во најмала рака придонесува за децентрализација на власта до степен кој е непосреден и е најблиску до граѓанинот, а исто така овој принцип гарантира локалната самоуправа, слободно да ги извршува своите функции и обврски. Со оваа повелба се гарантира правото на граѓаните на локално ниво да учествуваат во менаџирањето со работите, самостојно да ги избираат своите претставници во локалната самоуправа и посредно преку своите претставници во телата на локалната самоуправа да одлучуваат за приоритетите и своите потреби.

Прво и основно правило во процесот на имплементација на одредбите од оваа повелба било давањето право на локалните власти во управувањето со јавните добра со пренос на надлежности и одговорности во врска истите а сето тоа во интерес на локалното население, право кое локалното население ќе го остварува преку претставнички тела и органи во локалната самоуправа. Друг сегмент кој е опфатен со оваа повелба е тоа дека локалната самоуправа при изборот на административниот кадар треба да овозможи, еднакви можности за сите и вработување на високо- квалитетен кадар кој своето место ќе го добие врз база на

стручност и компетентност а локалните власти се должни да обезбедат соодветни можности за дообука, усовршување и кариера. Во овој процес на децентрализација и пренесување на надлежности треба да се оди постепено и со големо внимание бидејќи претераната динамика може да доведе до искривување и неправилна имплементација на демократските процеси. Друг битен момент кој се потенцира со оваа повелба е финансискиот аспект, односно фискалната децентрализација. Локалните власти треба да имаат право на адекватни извори на финансирање, сопствени финансиски ресурси со кои тие може да располагаат слободно во рамките на своите можности и овластувања кои ги дава законот. За делот од пренесените и делегирани надлежности за кои централната власт обезбедува одредено ниво на финансиски средства во облик на одредени трансфери или грантови за локалната власт, истите може да бидат наменски за одредени проекти или во врска пренесените надлежности, но ниту во еден случај со тоа не треба да бидат намалени или ограничени основните права на локалната самоуправа.

Друг битен момент опфатен со одредбите од оваа повелба, се однесува на работењето на оние општини со послаби капацитети каде се дава право за соработка со други локални самоуправи, меѓусебна соработка и извршување на работи од заеднички интерес, како и правото локалната самоуправа да членува во разни меѓународни и домашни асоцијации кои можат да бидат од интерес за нејзиното работење. Основната определба со донесувањето на европската повелба за децентрализација е зајакнување на улогата на локалната самоуправа, воспоставување и одбрана на автономијата на локалната самоуправа во донесувањето на одлуки и менаџирање со сопствените ресурси во насока на задоволување на потребите на граѓаните во својата општина. Целта на Европската повелба за локална самоуправа е да се воспостават заеднички европски стандарди за мерење и заштита на правата на локалните власти, кои се најблиску до граѓаните и да им даде можност за ефикасно партиципирање во донесувањето на одлуки кои се ефектуираат врз нивното секојдневно опкружување.

Европската повелба за локална самоуправа како прв мултилатерален документ од ваков тип претставува основен документ за дефинирање и заштита на основните принципи на локалната автономија, основен столб на демократијата во одбраната и развојот на локалната самоуправа, а со цел заштита и унапредување на заедничките европски вредности. Овој процес во нашата земја започнува за законски реформи кои се случија во 2005 година, со пренос на одредени надлежности од централно на локално ниво, процес на децентрализација кој се спроведува и сеуште трае. Во процесот на децентрализација еден од главните процеси ако не и најважен е буџетирањето. Процесот на буџетирање како комплексен процес е составен од повеќе меѓусебно поврзани активности и процеси, кои се меѓусебно испреплетени. Во фискална смисла се поклопува со период кој е ист со календарската година, однсоно се извршува од 1 јануари до 31 декември. Законот за буџети ја утврдува постапката за изготвување, донесување и извршување на буџетот на локалната самоуправа а во него се дефинирани временските рамки и постапката за донесување на буџетот на локалната самоуправа, при што основните параметри произлегуваат од стратешките приоритети, фискалната стратегија, стратешките планови и приоритетите на општината. Кога зборуваме за процесот на буџетирање на локалната самоуправа, треба да напоменеме дека станува збор за сложен процес кој е во тесна врска со многу други меѓусебно поврзани и зависни активности. Самиот процес на буџетирање е активност која започнува и се одвива во подолг временски период, иако процесот на буџетирање односно прибирање на приходите и нивното реализирање преку расходната страна се однесува за

една буџетска година. Анализирајќи го приходниот дел на буџетот во изминатите години, во периодот од започнување на процесот на децентрализација до денес, се добиваат податоци кои недвосмислено покажуваат нагорен тренд во остварувањето на буџетот а аналогно на тоа и соодветно зголемување на капиталните инвестиции. Воспоставување на еден систем на мерки и активности во правец на подобрување на процесот на прибирање на вкупните приходи несомнено би поттикнал и обезбедување на повеќегодишна финансиска стабилност на општината што од своја страна секако би придонесло за стабилен развој на општината и квалитетно извршување на законските надлежности на истата. Зголемувањето на нивото на прибирање на приходите ќе обезбеди значително подобрување на квалитетот на животот од комунален аспект, поттикнување на развојните компоненти на општината, транспарентно решавање на настанатите проблеми. Од сето претходно споменато, како неминовност се наметнува политиката на ефикасност и континуитет во прибирањето на приходите како и нивно зголемување доколку е тоа возможно, како и рационално трошење на истите. Историските податоци во однос на остварување на буџетот за периодот пред и по започнување на процесот на децентрализација покажуваат енормно зголемување на приходниот дел во општината, но исто така покажуваат и одредени осцилации од година во година. Интенција во натамошниот развој на општината треба да биде зачувување на трендот на зголемување на приходите или намалување на осцилациите, што од своја страна несомнено ќе овозможи одржлив развој на општината и во голема мерка реализација на зацртаните цели и активности имплементирани во развојните програми. Проблем број еден со кој се соочува општина Охрид се неизмирените обврски од претходните години и истите неколкукратно ги надминуваат општинските годишни буџети, што од своја страна создаваат сериозни пречки во извршувањето на активностите на општината. Процесот на буџетирање во локалната самоуправа на Македонија се заснова на процес на програмско планирање, што подразбира одвојување на различни активности и проекти во посебни програми и потпрограми. Капиталните инвестиции се опфатени со развојни програми, се донесуваат на подолг временски период од неколку буџетски години и за нивна целосна реализација потребно е повеќе напор и координираност на сите инстанци во локалната самоуправа. Во поглед на програмското буџетирање, основно е акцентот да се стави на програмите, да се изврши правилна распределба на расходите по програми и активности, да се има целосна слика и контрола на процесот на извршување и нивото на остварување на активноситите и проектите како и континуирана контрола на степенот на остварување на поставените цели и активности. Неминовност за квалитетно извршување на обврските на ЕЛС е ефикасно буџетирање, односно планирање на сите расположливи ресурси од аспект на обезбедување на финансиски средства и изготвување на транспарентен буџет со кој ќе бидат опфатени актуелните барања на граѓаните притоа не запоставувајќи ја развојната компонента на општината од една страна, а од друга страна, изготвување на буџет кој на оптимален начин ќе ги опфати сите приходи кои се во надлежност на локалната самоуправа, а се утврдени со ЗФЕЛС. Прибирањето на средствата е неопходен услов за реализација на сите активности кои се во надлежност на општината. Буџетот на општината се состои од годишна проценка на приходите и расходите. За правилна проценка на приходите и расходите, потребно е реално согледување и утврдување на параметри значајни за изготвување на буџетот. За реално утврдување на вкупните годишни приходи и расходи, потребно е во голема мерка да се води сметка како за реалните потреби на граѓаните, од една страна, така и за реалните можности и капацитети на општината, од друга страна. Процесот на буџетирање како една

од најзначајните активности во локалната самоуправа неминовно бара вклученост на сите граѓани, здруженија и администрација со сериозен пристап во изготвување на буџетот.

Незамисливо е нормално функционирање на општината и извршување на сите планирани активности без правилно, навремено и точно донесување како и извршување на буџетот. Процесот на буџетирање е перманентен циклус кој започнува со моментот на изработување на годишниот план и програма и трае се` до негова конечна реализација до крајот на буџетската година. Согласно постапките во буџетскиот процес, како и активностите по буџетскиот календар, усвоен од Советот на општината, стручните служби во текот на подготвувањето на буџетот постојано врши согледување, проценка и проектирање на сопствените финансиски капацитет изразен во приходната страна на буџетот. Утврдените приходи, заедно со трансферираните приходи од државно ниво (ДДВ, блок дотациите и наменските дотации), го дефинираат вкупниот финансиски капацитет на општината за решавање на потребите и надлежности во буџетската година. Проектирањето на расходната страна е другата страна во буџетскиот процес и е во директна зависност со прибраните приходи, при што расходната страна треба да биде одраз на укажувањата и потребите на граѓаните на месните односно урбаните заедници, плановите на буџетските корисници и тоа сето преку извршени анализи на стручните служби на општината. Зацртаните цели и активности, искажани како трошоци, опфатени се во соодветни програми во буџетот, што овозможува поголема транспарентност и контрола на начинот на извршување на буџетот. Буџетот на локалната самоуправа како сублимат на сето погоре кажано, претставува годишен план на приходи, други приливи и одобрени средства и во себе го содржи, основниот буџет, буџетот на самофинансирачки активности, буџетот на донации, буџетот на дотации и задолжувањето.

Согласно законските прописи, пишаните процедури и напатствија од МФ,општина Охрид на седница одржана на ден 30.12.2014 година со Одлука бр.07-4189/29 го утврди буџетот на општината за 2015 година на износ од 913.900.000,оо денари. Со Одлука бр.08-3526/29 од 13.03.2015 за измена на распоредот на средствата во буџетот на општината за 2015 година беше извршена прераспределба на средства на некои конта во програмата А0-Совет на општина во делот од персоналниот данок на надоместоци согласно актуелните измени за исплата на придонеси на надоместоци и хонорари, но нивото на буџетот остана на претходно утврдениот износ.

**Приходи**

Согласно Законот за финансирање на ЕЛС и Законот за буџетите, општините остваруваат приходи од следните извори:

- сопствени извори на приходи, кои се остваруваат врз основа на наплатата на локални даноци, такси, надоместоци приходи по основ сопственост;
- приходи по основ на трансфери од буџетот и буџетите на фондовите, како средства по основ на персонален данок, ДДВ и други трансфери;
- приходи на буџетските корисници кои се користат за покривање на нивните редовни активности, познати како приходи од самофинансирачки активности;
- приходи по основ на донации, кои се остваруваат врз база на изработени и одобрени проекти од разни меѓународни институции и фондови;
- приходи по основ на блок дотации за буџетските корисници од областа на образованието и детската заштита;
- приходи по основ на наменски дотации за ППЕ.

Процесот на буџетирање, содржината и програмите на буџетот се усогласени со унифициран начин на подготвување и изработување на буџетот, утврден од Министерството за финансии, при што буџетот на општината го сочинуваат, општ и посебен дел. Во општиот дел, содржани се следните елементи:

- консолидиран биланс на приходи и расходи;
- функционална класификација на расходите;
- биланс на тековно оперативни расходи;
- биланс на капитални приходи и расходи;
- приходи и расходи за развојните програми.

Посебниот дел на буџетот исто така во унифицирана форма ги прикажува расходите според Правилникот за класификација на расходите групирани во посебни програми.

Најголем дел од планираните приходи во буџетот на општина Охрид за 2015 година на износ од 392.850.874,оо денари се однесува на приходите кои според изворот на настанување се приходи кои општината ги остварува од редовното работење и приходи утврдени согласно закон. Структурално планираните приходи, износ од 392.850.874,оо денари се планирани на следниот начин:

- Даночни приходи ........................................ 310.690.236,оо
- Неданочни приходи ..................................... 14.900.000,оо
- Капитални приходи ...................................... 14.400.000,оо
- Трансфери и донации ................................... 52.860.638,оо

По основ на трансфери од државниот буџет во вкупно утврдените приходи во буџетот за 2015 година за пренесените надлежности од областа на образованието, детската заштита и противпожарната заштита планиран е износ од 366.195.402,оо денари од кои 357.213.402,оо денари се блок дотации за делот од образованието и детската заштита додека износ од 8.982.000,оо ден. се наменска дотација за финансирање на ТППЕ. Во наредниот дел од буџетот се прикажани средствата по основ на самофинансирачки активности а согласно пренесените надлежности, приходи кои буџетските корисници ги остваруваат од сопственото работење и се утврдени на износ од 21.600.000,оо денари. Врз база на апликации пред меѓународни институции а по основ донации, во буџетот се предвидени средства во износ од 6.200.000,оо денари. Остварувањето на овие приходи е условен од ангажманот на стручните служби и соодветните сектори и степенот на реализација на проекти доставени пред домашни и меѓународни институции.

Во буџетот на општина Охрид предвидени се и 127.053.724,оо денари, по основ на задолжување преку Министерството за финансии а за средства од Светска банка, врз основа на претходно изработени проекти за делот за изградба на инфраструктурни објекти. Согласно остварените приходи и извршените расходи а согласно податоците од единствената сметководствена евиденција, со првиот квартал општината има остварено вкупен приход од 203.887.919,оо денари или процентуално изразено 22,31 % од вкупно планираните приходи по сите основи.

Со оглед дека активностите во однос на кредитното задолжување се во тек а имајќи во вид за каков тип на приходи се работи, за поцелосна слика на остварувањата на приходите, остварувањето на буџетот ќе го прикажеме како во соодност со планираните приходи од овој вид, така и без овие приходи. Доколку вкупната реализација од 203.887.919,оо денари се стави во соодност со планираниот буџет без средствата по основ задолжување, ќе се констатира дека општина Охрид реализирала 25,91 % од вкупно проектираните приходи, следствено изворни приходи, приходи по основ пренесени надлежности и приходи

остварени од буџетските корисници. Остварувањето на буџетот и прибирањето на приходите во првиот случај укажува на фактот дека има мало отстапување во реализацијата на вкупниот буџет, кое произлегува како во делот од планираните приходи по основ задолжување, така и во делот од донациите, додека во вториот случај процентот на остварување е во согласност со предвидувањата и идеалното остварување на буџетот изразено во проценти. Имајќи го во предвид остварувањето на буџетот во првиот квартал, интенција е до крајот на буџетската 2015 година да се ангажираат сите општински потенцијали во насока на подобрување на степенот на остварување на приходите или во најмала рака да се задржи сегашното темпо на остварување на приходите. Структурата на остварените приходи по основ на извори дадена е во следната табела:

***Табела 1***

| **Вид на приход** | **Проектирано за 2015** | **Остварено во прв квартал** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **366.195.402** | **95.742.897** | **26,15** |
| **Самофинансирачки приходи** | **21.600.000** | **6.572.187** | **30,43** |
| **Даночни приходи** | **310.690.236** | **64.228.758** | **20,67** |
| **Неданочни приходи** | **14.900.000** | **2.964.038** | **19,89** |
| **Капитални приходи** | **14.400.000** | **12.203.698** | **84,75** |
| **Приходи од донации** | **6.200.000** | **304.371** | **4,91** |
| **Трансфери и донации** | **52.860.638** | **21.871.970** | **41,38** |
| **Кредити** | **127.053.724** | **/** | **/** |
| ***Вкупно*** | ***913.900.000*** | ***203.887.919*** | ***22,31*** |

Податоците дадени во табела 1 ја потврдуваат претходната констатација и од истата забележливо е отстапување во степенот на реализација, кај приходите по основ донации и по основ кредити, но мора да истакнеме дека сепак се работи за период, почеток на буџетската година и за очекување е дека овие проценти и степен на реализација кај овие приходи во наредниот период ќе претрпат значителни промени во позитивна смисла. Графички приказ на проектираните и остварените приходи поодделно по категории приходи следи:

***Графикон бр.1***



***Графикон бр.2***




Средствата по основ на самофинансирачки активности се проектираат и остваруваат согласно согледувањата од страна на раководителите на основните, средните училишта и детските градинки. Овие приходи во опфатениот период се остваруваат во поголем обем од планираното односно од идеалниот процент и доколку продолжи овој тренд, во периодот кој следи стручната служба ќе изврши ревидирање на овој вид приходи и усогласување со законските нормативи.

Приходите по основ на блок односно наменски дотации, согласно утврдените проекции и динамиката на остварување а имајќи ги во вид и досегашните историски податоци и видот и изворот на овие приходи се во рамките на планираното а за очекување е дека истите и во оваа буџетска година во целост ќе бидат реализирани.

Согласно востановената практика за прикажување на споредбени показатели во табелата подолу дадени се остварувањата на приходите за истиот период во буџетската 2014 година.

***Табела 2***

| **Вид на приход** | **Проектирано за 2014** | **Остварено во прв квартал** | **%** |
|---|---|---|---|
| **Блок-наменски дотации** | **358.839.000** | **92.758.152** | **25,85** |
| **Самофинансирачки приходи** | **25.000.000** | **6.398.770** | **25,59** |
| **Даночни приходи** | **348.688.809** | **50.138.656** | **14,38** |
| **Неданочни приходи** | **12.700.000** | **3.069.173** | **24,16** |
| **Капитални приходи** | **18.600.000** | **2.711.778** | **14,58** |
| **Приходи од донации** | **1.456.411** | **1.396.411** | **95,88** |
| **Трансфери и донации** | **76.472.191** | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | **15.191.386** | **19,87** |
| **Кредити** | **120.000.000** | **/** | **/** |
| ***Вкупно*** | ***961.756.411*** | ***171.664.326*** | ***17,85*** |

Споредбено 2015 год. во однос на 2014 год. за првиот квартал, доколку се има предвид остварувањето на буџетските приходи (изворни приходи, основен буџет) во номинален износ, изнесуваат:

- остварување во 2015 год. 101.268.464,оо денари
- остварување во 2014 год. 71.110.993,оо денари

Согласно наведеното, остварувањето во 2015 год. е за 42,40 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2014 година.

Споредбено 2015 год. во однос на 2014 год. за првиот квартал, доколку се има предвид остварувањето на вкупните буџетски приходи (и во двете буџетски години планираните приходи по основ кредити се слични )во номинален износ, изнесуваат:

- остварување во 2015 год. 203.887.919,оо денари
- остварување во 2014 год. 171.664.326,оо денари

Согласно наведеното, остварувањето во 2015 год. е за 18,77 % поголемо од остварувањето за наведениот период во 2014 година. Графички приказ споредбено проектирано и остварено 2015 и 2014 год. дадено е во следниот графикон.

***Графикон бр.3***




Остварувањето на буџетот кумулативно на синтетички конта согласно актуелните законски решенија, се прикажуваат и доставуваат до секторот за буџети во министерството за финансии на унифициран образец К1 во кој кумулативно се прикажани планираните износи на приходи и нивното остварување, заклучно со последниот ден од тековниот квартал, во случајов со 31.03.2015 година.

**Расходи**

Расходите на буџетот, според корисници и намени, се групирани во соодветни програми, а најчесто застапени и користени програми во процесот на буџетирање на локалната самоуправа се следните:

- Совет на општина, која ги содржи и опфаќа активностите и расходите поврзани со работата на општинскиот совет;

- Градоначалник, во која се искажани потребните расходи за функционирање на институцијата градоначалник;

- Месна самоуправа, во која програма се предвидуваат средства за поддршка на месните, односно урбаните заедници;

- Општинска администрација, ги содржи расходите неопходни за функционирање на општинската адинистрација во делот на режиските трошоци како и други трошоци неопходни за функционирање на општинските служби;

Следни на листата се програмите во кои се зацртани разни активности и проекти од значење за развојот на општината, а се однесуваат на разни инфраструктурни активности:

- *Урбанистичко планирање,* програма која е од особено значење за развојот на локалната самоуправа од аспект што планирањето на просторот од секогаш било едно од основните и најважни активности и надлежности на локалната власт, а во смисла дефинирање на просторот за живеење и функционирање на одредена група на луѓе, преку генералните и деталните урбанистички планови;

- *Уредување на градежно земјиште.* Оваа програма исто така е од витално значење за граѓаните од аспект на инфраструктурни решенија за непречено одвивање на секојдневните активности на населението и решавањето на основните човекови потреби од овој вид како изградба на пристапни улици, водовод, обезбедување со електрична енергија и сл.;

- *Поддршка на локалниот економски развој.* Со почеток на спроведувањето на процесот на децентрализација во Македонија, за првпат општините добија надлежност да се грижат за локалниот економски развој. Една од активностите кои треба да имаат централно место во активностите на општините од овој вид е поддршката на развојот на малите и средните претпријатија и поттикнување на претприемништвото. Оваа надлежност на локалната самоуправа, како релативно нова, неопходно побарува голема инвентивност и креативност од локалните власти, кои ќе се во согласност со нивните стратешки планови и документи и ќе помогне во изнаоѓање на форми и мерки за поддршка на развојот на овие претпријатија, за што секако потребна е и одредена координираност и корелација со централната власт;

- *Поттикнување и развој на туризмот.* Имајќи ги во предвид природните богатства и капацитети кои ги поседува нашата општина и заложбите за промоција на градот како привлечна туристичка дестинација, една од главните активности и програми во планирањето на буџетот треба да биде токму оваа;

- *Проекти за енергетска ефикасност.* Имајќи ги во предвид измени во Законот за енергетика и задолжителноста во спроведување на одредбите од овој закон, имајќи ја во вид се поголемата ограниченост на обновливите ресурси, оваа програма и активностите од овој вид повеќе од сигурно е дека во наредните години ќе завземаат се позначајно место во планирањето на буџетите на локалните самоуправи;

- *Изградба и одржување на јавно осветление,* како програма предвидена во буџетот на општина Охрид служи за реализација на активности од оваа сфера,

подобрување на постојната мрежа, како и изградба на нови мрежи низ општината во оние делови каде што нема или има во недоволен обем. Во врска со овие активности во соодветна законска постапка преку ЈПП избран е партнер кој треба да изврши модернизација, проширување и одржување на системот за јавно осветлување на општина Охрид;

- *Јавна чистота.* Друг сегмент, кој не е помалку значаен од економскиот развој е и заштитата и зачувувањето на животната средина. Локалната самоуправа несомнено во овој правец превзема голем број на активности и мерки за спроведување на оваа надлежност;

- *Изградба, одржување и заштита на локални улици и патишта*, согласно позитивните законски програми оваа програма ги опфаќа активностите за изградба на нови улици и патишта кои се во надлежност на локалната самоуправа, одржување на постојните улици и патишта, вклучително и зимското одржување. Од аспект на непречено одвивање на целокупната комуникација во границите на општината, оваа програма и активностите предвидени во истата се итоа како битни од повеќе аспекти и не случајно оваа програма според својот опфат во буџетот е една од поголемите и пообемни програми. За активностите од оваа програма покрај предвидените средства од основниот буџет, предвидени се и средства од кредитно задолжување преку МФ а за средства од светска банка;

- *Изградба на сообраќајна сигнализација,* како програма е во тесна врска со претходната програма и во своите активности ги опфаќа работите за поставување хоризонтална и вертикална сигнализација на улиците и патиштата во надлежност на општината а во насока на безбедно одвивање на сообраќајот, правилно информирање и заштита на сите учесници во сообраќајот;

- *Изградба на сиситеми за водоснабдување,* програма која како развојна програма опфаќа активности за изградба и реконструкција на водоводни мрежи на територија на општина Охрид, програма која исто така е од големо значење за квалитетот на живеењето на граѓаните;

- *Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води,* програма која ги опфаќа активностите за изградба и реконструкција на капацитети за одведување и пречистување на отпадни води, активности кои покрај тоа што директно влијаат на квалитетот на животот на граѓаните исто така имаат значаен ефект за заштита на животната средина;

- *Социјална заштита,*оваа програма опфаќа друг значаен момент кој треба да се опфати со стратешките приритети на општината, планирани активности кои во континуитет ќе опфатат социјална заштита на населението и заштитата на децата. Овие активности исто така треба да бидат усогласени со националната програма за развој на социјалната заптита и опфаќа повеќе сегменти како заштита на децата, социјална грижа за инвалидизирани лица и лица со специјални потреби, грижа за стари лица и сл. Како релативно нова надлежност на локалната самоуправа во овој дел многу се прави но исто така има уште многу работи кои треба да бидат осмислени и реализирани, во согласност со надлежностите и финансискиот капацитет на општината;

- *Спорт и рекреација,* активностите опфатени во оваа програма се значаен сегмент и дел кој дава придонес во развојот на здрави поколенија и начин на кој младите треба да се отргнат од пороците на денешницата. Со сегашната поставеност на системот спортот на локално ниво е целосно надвор од финансирањето на централната власт и тој е оставен на

локалните самоуправи, кои во рамките на своите можности го потпомагаат. Субвенционирањето на активностите од овој тип се предвидени во буџетот на општината токму во оваа програма;

- *Образование и култура,* за значењето на оваа програма не треба многу да се зборува и оттука планираните активности и инвестиции во оваа програма се доста значајни итоа на долг рок. Науката и продукцијата на стручни, образовани и обучени кадри е она што ја влече економијата во прогрес, тоа е иднината на секое општество тоа е влечната сила за напредок и развој на општеството. Активностите во оваа програма се остваруваат како преку блок дотации, така и со сопствени средства од буџетот на општината. Поради сето претходно кажано итоа како е значајно вложувањето во овој процес со цел унапредување и развој на образовниот процес;

- *Противпожарна заштита,* во оваа програма се опфатени расходите за териоријалната против пожарна единица, како во делот за покривање на режиските трошоци така и во делот за набавка на потребните ресурси за непречено извршување на законските надлежности и обврски на оваа институција.

Секоја од овие програми е структуирана согласно економската класификација на приходите и расходите утврдена од Министерството за финансии. Покрај овие програми, кои најчесто се јавуваат при креирањето на локалните буџети, постои можност, доколку се јави потреба, во соодветна процедура да бидат креирани и нови програми, кои ќе бидат во согласност со извршувањето на надлежностите на некоја локална самоуправа. При планирањето на активностите и програмите во буџетот важен момент е утврдувањето на расходите како и нивната структура. Структурата на расходите покрај законски утврдените надлежности на општината произлегува и е зависна и од структурата и висината на планираните и остварени приходи и е во тесна врска со нив. Структурата на расходите генерално се разликува во зависност од тоа, дали се разгледува вкупниот или основниот буџет, но во основа, генерален заклучок е дека капиталните расходи, во најзначителен дел се реализираат и финансираат од сопствени средства.

Остварувањето, висината, како и динамиката на вкупните расходи е значајно од аспект на отварање на можности за реализација на утврдените програми за работа имплементирани во буџетот на општината како и задоволување на потребите на граѓаните за решавање на нивните инфраструктурни, комунални, културни и други потреби. Остварувањето по програми е дадено во табелата подолу во која е прикажан видот на програмата, планираните средства за остварување на програмата, реализацијата поодделно по програми заклучно со 31.03.2015 како и процентот на остварување. Расходите поодделно по структура и програми прикажани се во следната табела:

***Табела 3***

| | Програм | Планирано | Остварено | % |
|---|---|---|---|---|
| Ао | Совет на општина | 15,690,000 | 3,427,950 | 21.85 |
| До | Градоначалник | 3,827,000 | 1,087,628 | 28.42 |
| Ео | Општинска администрација | 126,701,374 | 28,613,837 | 22.58 |
| Ф1 | Урбанистичко планирање | 4,000,000 | 999,335 | 24.98 |
| ФА | Уредување на градежно земјиште | 50,000,000 | 12,853,111 | 25.71 |
| Г1 | Подршка на ЛЕР | 2,613,500 | / | / |
| Г2 | Потт. на развојот на туризмот | 10,000,000 | 509,051 | 5.09 |
| ГД | Проекти за енергетска ефикасност | 500,000 | / | / |
| Ј3 | Јавно осветление | 43,000,000 | 12,781,346 | 29.72 |
| Ј4 | Јавна чистота | 5,000,000 | 2,572,691 | 51.45 |
| Ј6 | Одржување и зашт.на пат.и улици | 1,000,000 | 894,235 | 89.42 |
| Ј7 | Одрж. и корист. на парк. и зеленило | 4,500,000 | 2,025,319 | 45.01 |
| Ј8 | Други комунални услуги | 3,370,000 | 799,674 | 23.73 |
| ЈД | Изгр.и реконс.на патишта и улици | 33,500,000 | 5,769,017 | 17.22 |
| ЈФ | Изград.на сообр. сигнализација | 4,000,000 | 1,809,192 | 45.23 |
| ЈГ | Изград.на системи за водоснабдув. | 9,200,000 | 2,478,303 | 26.94 |
| ЈИ | Сист. за одвед.и преч.отпад.води | 11,000,000 | 3,000,000 | 27.27 |
| К4 | Култ.манифестации и творештво | 4,816,000 | 699,884 | 14.53 |
| Ло | Спорт и рекреација | 11,000,000 | 2,539,900 | 23.09 |
| Н1 | Основно образование | 19,667,000 | 4,758,179 | 24.19 |
| Н2 | Средно образование | 6,500,000 | 1,795,756 | 27.63 |
| Р1 | Заштита на животна средина | 1,000,000 | 105,020 | 10.50 |
| В1 | Детски градинки | 5,000,000 | 1,181,548 | 23.63 |
| Љо | Противпожарна заштита | 16,966,000 | 3,110,210 | 18.33 |
| | ***Вкупно*** | ***392,850,874*** | ***93,811,186*** | ***23.88*** |

Податоците прикажани во табела 3 согласно програмските активности се реален приказ на моменталната состојба на општина Охрид и се во согласност со финансиските капацитети на општината.

Планираните активности во делот од образованието, како во делот од блок дотациите, така и во делот од самофинансирачките активности во голема мера зависи од менаџирањето на одговорните лица на соодветните правни субјекти и зависи исклучиво од нивните менаџерски способности, истите ќе бидат прикажани во поединечните извештаи кај соодветните буџетски корисници поодделно.

Податоците прикажани во овој извештај за остварувањето на програмите и зацртаните активности за буџетската 2015 година ги исцртуваат контурите на буџетската реализација односно остварувањето на буџетските планови и програми за овој период. Она што треба да се има предвид во овој извештај тоа е периодот кој е опфатен со него, остварувањето од 22,31 % на вкупниот буџет е нешто под идеалниот процент но сепак овој процент воопшто не е за потценување. За очекување е наредниот период да повлече и позначајни раздвижувања како во делот на програмските активностите на терен така и финансиски импликации во буџетот, како во приходната така и во расходната страна во буџетот, што секако ќе има влијание врз показателите за наредниот квартал. За крај, остварувањето на буџетските програмите и активностите како и буџетот од аспект на остварување на приходите, остварувањето генерално е во рамките на очекувањата и е на задоволително ниво, што секако не значи дека нема место за унапредување и подобрување во сите сегменти од работењето.

**Број 08-5867/19-1** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**12.05.2015 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН И ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ И ГОДИШНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2014 ГОДИНА

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за усвојување на годишниот извештај за реализација на програмата за развој на Југозападниот плански регион и тековното работење на Центарот за развој и годишниот финансиски извештај за 2014 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.05.2015 година.

**Број 09-5867/20** **ОПШТИНА ОХРИД**
**12.05.2015 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 9 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.05.2015 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ЗА РАЗВОЈ НА ЈУГОЗАПАДНИОТ ПЛАНСКИ РЕГИОН И ТЕКОВНОТО РАБОТЕЊЕ НА ЦЕНТАРОТ ЗА РАЗВОЈ И ГОДИШНИОТ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА 2014 ГОДИНА

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Годишниот Извештај за реализација на Програмата за развој на Југозападниот плански регион и тековното работење на Центарот за развој за 2014 година и Годишниот финансиски извештај за работата на Центарот за развој на Југозападниот плански регион за 2014 година.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник“ на општина Охрид.

**Број 08-5867/20** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**12.05.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1 НА КП.БР.9883/1 КО ОХРИД 2, УЗ 10, ДЕЛ ОД БЛОК 10.3 - ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2014 - 2019

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување Нацрт Детален урбанистички план за градежна парцела 1 на Кп.бр.9883/1 КО Охрид 2, УЗ 10, дел од Блок 10.3 - Охрид, општина Охрид, плански период 2014 - 2019 што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.05.2015 година.

**Број 09-5867/21** **ОПШТИНА ОХРИД**
**12.05.2015 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 11, 22, 24 став 2 и член 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.60/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), член 22 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.05.2015 година, ја донесе следната:

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1 НА КП.БР.9883/1 КО ОХРИД 2, УЗ 10, ДЕЛ ОД БЛОК 10.3 - ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2014 - 2019

**Член 1**

Се утврдува Нацрт Детален урбанистички план за градежна парцела 1 на Кп.бр.9883/1 КО Охрид 2, УЗ 10, дел од Блок 10.3 - Охрид, општина Охрид, плански период 2014 - 2019.

**Член 2**

Со овој Нацрт Детален урбанистички план за градежна парцела 1 на Кп.бр.9883/1 КО Охрид 2, УЗ 10, дел од Блок 10.3 - Охрид, општина Охрид, плански период 2014 – 2019, се опфаќа простор со површина од 0,0347 ha.

Просторот на планскиот опфат по Нацрт Детален урбанистички план за градежна парцела 1 на Кп.бр.9883/1 КО Охрид 2, УЗ 10, дел од Блок 10.3 - Охрид, општина Охрид, плански период 2014 – 2019, е опфат на границите:

Североисточна страна ул.„Трајче Дојчиноски“, југоисточна страна ул.„Марко Несторoски“, југозападна страна со градежна парцела на Кп.бр.9884/1 и од северозападна страна со градежна парцела на Кп.бр.9876/1.

**Член 3**

Нацрт Деталниот урбанистички план за градежна парцела 1 на Кп.бр.9883/1 КО Охрид 2, УЗ 10, дел од Блок 10.3 - Охрид, општина Охрид, плански период 2014 – 2019, со тех.бр.08/14 од март 2015 година, изработен од „ПОЛОГПРОЕКТ-ПРО“ ДОО гостивар содржи:

-планиран развој – текстуален дел и графички прилог;

-документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт Деталниот урбанистички план за градежна парцела 1 на Кп.бр.9883/1 КО Охрид 2, УЗ 10, дел од Блок 10.3 - Охрид, општина Охрид, плански период 2014 – 2019.

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да доставaт забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5867/21** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**12.05.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 17 УБ 17.4 – ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2013 – 2018**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за донесување Детален урбанистички план за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за УЗ 17 УБ 17.4 – Охрид, општина Охрид, плански период 2013 – 2018, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.05.2015 година.

**Број 09-5867/22**
**12.05.2015 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.60/11), член 22 став 1 точка 1 и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.05.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ДЕТАЛНИОТ УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УЗ 17 УБ 17.4 – ОХРИД, ОПШТИНА ОХРИД, ПЛАНСКИ ПЕРИОД 2013 - 2018**

**Член 1**

Се донесува Детален урбанистички план за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за УЗ 17 УБ 17.4 – Охрид, општина Охрид, плански период 2013 - 2018.

**Член 2**

Со овој урбанистички план се опфаќа простор со површина од 4,58 ха.

Просторот на планскиот опфат по Детален урбанистички план за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за УЗ 17 УБ 17.4 – Охрид, општина Охрид, плански период 2013 - 2018 е опфат на границите:

Кеј„Македонија“, ул.„Партизанска”, Бул.„АСНОМ” и каналот.„Билјанини извори”.

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за УЗ 17 УБ 17.4 – Охрид, општина Охрид, плански период 2013 - 2018, изработен од АД за урбанизам, архитектура и инженеринг„ЗУАС” - Скопје, со технички број 2594/13 од март 2015 година, содржи:

-планиран развој - текстуален дел и графички прилог;

-документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Деталниот урбанистички план за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за УЗ 17 УБ 17.4 – Охрид, општина Охрид, плански период 2013 - 2018, се заверува со печат и потпис на Претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план за изменување и дополнување на Деталниот урбанистички план за УЗ 17 УБ 17.4 – Охрид, општина Охрид, плански период 2013 - 2018, се чува, следи и реализира во Секторот за урбанизам и управување со градежно земјиште.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5867/22** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**12.05.2015 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.1933/2 КО ЛЕСКОЕЦ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1933/2 КО Лескоец, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.05.2015 година.

**Број 09-5867/23** **ОПШТИНА ОХРИД**
**12.05.2015 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ“ бр.23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13 и 44/14), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.05.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.1933/2 КО ЛЕСКОЕЦ**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата од донесување урбанистичко планска документација за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.1933/2 КО Лескоец, кој што објект е надвор од урбанистичка документација.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5867/23**
**12.05.2015 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Гордана Коњановска,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.27/7 КО ВЕЛЕСТОВО**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за утврдување потреба од донесување урбанистичко планска документација со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.27/7 КО Велестово, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.05.2015 година.

**Број 09-5867/24**
**12.05.2015 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Никола Бакрачески,с.р.**

Врз основа на член 10 став 4, член 11 став 1, член 13 и член 19 од Законот за постапување со бесправно изградени објекти („Службен Весник на РМ“ бр.23/2011, 155/2012, 53/13, 72/13 и 44/14), како и член 2 став 2, 5 и 6 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко планска документација („Службен Весник на РМ“ бр.56/2011 и 162/2012), член 22 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен Весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 од Статутот на општина Охрид

(„Службен гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 12.05.2015 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПОТРЕБА ОД ДОНЕСУВАЊЕ УРБАНИСТИЧКО ПЛАНСКА ДОКУМЕНТАЦИЈА СО ЦЕЛ ВКЛОПУВАЊЕ НА БЕСПРАВНО ИЗГРАДЕНИОТ ОБЈЕКТ НА КП.БР.27/7 КО ВЕЛЕСТОВО**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува потребата од донесување урбанистичко планска документација за реализација на Законот за постапување со бесправно изградени објекти, со цел вклопување на бесправно изградениот објект на Кп.бр.27/7 КО Велестово, кој што објект е надвор од урбанистичка документација.

**Член 2**

Составен дел на оваа Одлука е извод од планска документација.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 08-5867/24** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
